**20162265004**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 248 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИОТ ПРОСТОР И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИОНИОТ ИСПИТ И ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИЦИ ИЗВРШИТЕЛИ И СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на потребниот простор и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на квалификациониот испит и испитот за рангирање на извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите (во натамошниот текст: испитот).

Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две простории од кои секоја одделно треба да биде опремена со:

- најмалку 36 работни бироа од кои 30 за станиците за тестирање, пет за членовите на комисијата и еден за серверот;
- најмалку 36 столчиња;
- дисплеј за објавување на резултатите со димензии од најмалку 2x2 метри;
- најмалку 30 персонални компјутери чиј монитор е најмалку 19”;
- еден централен сервер со монитор за надгледување на процесот на тестирање и за локално снимање на процесот на тестирање;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник и
- мрежна камера за снимање на полагањето.

Член 3

Просториите за полагање на испитот имаат интернет конекција од минимум 10мб/с, наменета за електронското полагање на испитот и пристап до апликацијата на Министерството за правда за спроведување на електронско полагање на испитот.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за извршители („Службен весник на Република Македонија" бр.87/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија " бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4727/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.